# 16. ВО НАШЕ СЕЛО ЧЕШМА ШАРЕНА




1. Во наше село,
   чешма шарена
   течеше вода студена,
   течеше вода студена.

2. Море на чешмата,
   до две три моми
   полнеа вода студена,
   полнеа вода студена.

3. Море крај чешмата
   едно лудо младо,
   побара вода студена,
   побара вода студена.

4. Море ја подај ми
   една чаша вода,
   да пијам да се напијам,
   да пијам да се напијам.